Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-323/3
01-06-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08 - 323 од 18.4.2023 година, поднесена од [redacted] против Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на РСМ, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 1.6.2023 година, го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**
**за отфрлање на претставка заради неуредност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-323 од 18.4.2023 година, поднесена од [redacted] **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

**О б р а з л о ж е н и е**

На 17.10.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted].

Од причина што претставката не содржеше доволно факти и околностите околу пријавениот случај на дискриминација, на ден 19.4.2023 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, достави барање за доуредување на претставката до подносителот. Со барањето подносителот беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на барањето да ја доуреди претставката, во насока што ќе наведе дополнителни факти и околности за пријавениот случај на дискриминација, вклучувајќи и име и презиме на избраниот кандидат кој го има наведено, доколку тоа му е познато.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Подносителот на претставката не ја доуреди истата во предвидениот законски рок, па следствено на тоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отрфрли претставката поради неуредност.

Скопје
1.6.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]